ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-206/9
24.12 2021 год.
СКОПЈЕ



Согласно чл. 5 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит (Сл. Весник на РМ бр. 200/18), Управниот одбор на Занаетчиската комора Скопје на 6-та Седница на Управен одбор 23.12.2021 година го усвои следниот:

Деловник за работа на Испитни комисии за спроведување на мајсторски испит

**Член 1**

## I. Општи одредби

Со Процедурите за полагање на мајсторскиот испит се обезбедуваат и гарантираат еднакви услови и начини за полагање на мајсторскиот испит за кандидатите и за реализаторите на мајсторскиот испит во Занаетчиска комора Скопје

**Член 2**

Во согласност со Правилникот структурата, организацијата, реализацијата на мајсторски испит, условите, формирањето на испитните комисии се реализира од испитните одбори, формирани од Управните одбори на регионалните занаетчиски комори.

**Член 3**

Мајсторскиот испит се состои од четири дела:

-практичен дел,

-стручно-теоретски дел,

-управувачки-правно/економски дел

-педагошко-андрагошки дел

Сите делови од испитот се полагаат согласно испитните програми за мајсторски испит.

**Член 6**

**(избор на комисии)**

Испитниот одбор формира 4 (четири) испитни комисии за сите четири дела од мајсторскиот испит.

Испитните комисии имаат мандат од една година со право на повторен избор.

Испитните комисии имаат преседател и негов заменик кој се избира од редот на членовите.

Во случај на отсуство на претседателот на испитната комисија, неговите задачи ги врши заменикот. Секој член од комисијата има заменик во случај на

спреченост да присуствува на испитот. Испитната комисија води записник за секој дел од мајсторскиот испит кој го реализира. Записникот се води на образец кој е прилог на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит.

**Член 7**

**(Состав на комисии)**

1. Испитна комисија за практичен дел се состои од три члена и нивни заменици.Членовите на комисијата се двајца истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и соодветен советник за струка/сектор од Центаротза стручно образование и обука или лице со завршено високо образование од соодветната стрка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

2. Испитната комисија за стручно-теоретски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се двајца истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и еден член соодветен советник на струка/сектор од Центарот за стручно образование и обука или лице со завршено високо образование од соодветната стрка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

3. Испитната комисија за управувачко-правно/економски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се еден член од Центарот за стручно образование и обука-советник за соодветната струка/сектор или лице со завршено високо образование од соодветната струкла сектор занимање за стручно теоретски предмети и педагошко-андрагошко образование со најмалку пет години работно искуство, еден дипломиран правник или дипломиран економист и еден истакнат занаетчија со положен мајсторски испит.

4. Испитната комисија за педагошко-андрагошки дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се еден член од Центарот за стручно образование и обука-советник за соодветната струка/сектор или лице со завршено високо образование од педагошко-андрагошка област и педагошко-андрагошко образование со најмалку пет години работно искуство, еден дипломиран правник или дипломиран економист и еден истакнат занаетчија со положен мајсторски испит.

**Член 8**

**(Обврски на испитните комисии)**

Кандидатите се должни 30 минути пред почетокот на било кој дел од мајсторсјиот испит да бидат присутни на местото предвидено за спроведување на секој дел од мајсторскиот испит.

Претседателот на комисијата, 10 (десет)минути пред почетокот на полагањето на било кој дел од испитот на пријавените кандидати во испитната просторија, им ги кажува правата, одговорностите, постапките и инструкциите за полагање на испитот и ги предупредува за почитување на процедурите и за последиците од нивното прекршување.

## II. Практичен дел од мајсторскиот испит

### Член7

### (мајсторска испитна задача)

Реализацијата на практичниот дел од мајсторската испитна задача е следена од трочлена комисија која е избрана и има решение за избор донесено од Испитниот одбор.

Практичната работа од мајсторското работење во соодветната занаетчиска дејност се изведува преку:

-подготовка за извршување на задачата,

-извршување на практичната задача,

-усно образложение на задачата,

-усна проверка на стручната теорија.

Членот на комисијата на кандидатот му поставува теоретски прашања од содржините од мајсторската практична задача. Кандидатот има право на најмалку 20 мин подготовка за одбрана. Кога едниот кандидат одговара, другиот кандидат се подготвува.

За време на изработката на практичната испитна задача членовите на комисијата незабележително ја контролираат неговата изработка и подготвува записник за надлежниот испитен одбор

Подготовката за извршување на практичната задача опфаќа: нацрти, пресметки, спецификација на материјали, алати, прибор, инструменти и др.

Подготовката за извршување на практичната задача ја врши кандидатот самостојно во занаетчискиот дуќан. Со подготовката се утврдува редоследот на извршувањето на работните операции при извршување на практичната задача.

Со усното образложение на извршената ппрактична задача може да се утврди дека нема потреба од подготовка за извршување на практичната задача, тоа трае најмногу 20 минути.

Доколку преку практичната задача не можат да се проверат одредени стручни компетенции на кандидатот, комисијата има право да му постави дополнителни пробни работни задачи, најмногу до пет, кои заедно не треба да траат повеќе од четири часа.

Извршената практична задача кандидатот ја предава на испитната комисија .

Доколку кандидатот во определеното време не ја предаде изработената задача се упатува на повторно полагање на практичната работа во друг испитен рок.

## III. Писмен испит

**Член 8**

**(писмен испит)**

Испитниот одбор најдоцна три дена пред почетокот на испитниот рок треба да ги подготви испитните материјали кои опфаќаат тест од прашања од сите предметни подрачја, утврдени во испитните програми за трите делови од мајсторскиот дел.

Испитните материјали се чуваат во регионалните занаетчиски комори, со загарантирана тајност.

Член 9

**(правила за текот на писмениот испит)**

Полагањето на писмениот испит е надгледувано од трочлена комисија

Кога претседателот на комисијата на кандидатите ќе им го додели испитниот материјал, секој кандидат, во списокот за идентификација се потпишува дека го примил испитниот материјал. Откако ќе го раздели испитниот материјал, треба да им даде инструкции, да провери дали сите добиле испитен материјал, да ги замоли да го прочитаат внимателно упатството и според него да постапуваат.

Кандидатите мора да ги почитуваат инструкциите од комисијата,задачите мора да ги решаваат самостојно, меѓу себе несмеат да разговараат и да го нарушуваат те-кот на испитот. Секое отстапување од наведеното за кандидатите значи прекршу-вање на процедурите.

Претседателот на комисијата води записник за писмениот испит, каде ги забележува сите специфичности кои се случиле за време на писмениот испит.

За време на писмениот испит, кандидатите можат само еднаш да излезат еден по еден.

Отсутноста на кандидатот може да трае најмногу пет минути. Продолжено отсуство може да има, само со одобрение на набљудувачот

Кога ќе помине времето определено за писмениот испит, набљудувачот ги опоменува кандидатите да престанат со пишување и да ги оставaт испитните материјали затворени на работ од масата.

Кандидатот мора да го предаде својот испитен материјал и да се потпише во списокот за идентификација, пред завршувањето на времето предвидено за полагање часот и да ја напушти испитната просторија.

Претседателот на комисијата ги собира испитните материјали, проверува, дали сите кандидати ги предале испитните материјали и постапиле во согласност со претходните напатствија. Ако забележи одредени отстапувања, мора да ги внесе во записник

Претседателот на комисијата ги предава испитните материјали и записникот на претседателот на испитниот одбор.

## IV. Оценување

Член 12

Критериумите за писмениот и практичниот испит, кои мора при оценувањето на деловите на мајсторскиот испит да ги почитува испитниот одбор, утврдени се во соодветните испитни програми.

## V Право на приговор на кандидатите

Кандидатите кои не се задоволни од оценката што им ја соопштува испитната комисија по завршување на испитот има право на приговор во рок од три дена до испитниот одбор.

Испитниот одбор во рок од осум дена решава по приговорот и го известува кандидатот.

## VI. Тајност на испитните материјали

Член 13

**(тајност на испитните материјали)**

Членовите на испитниот одбор и други физички лица вработени во комората, кои имаат пристап до испитните материјали, се должни да се придржуваат кон испитната тајност. Лицата кои дејствуваат во спротивно со одлуката од претходниот став, ќе подлежат на дисциплинска и кривична одговорност во согласност со законот и другите прописи.Членот, кој ќе ја прекрши испитната тајност, претседателот на испитниот одбор ќе го разреши

Испитните материјали се испитна тајност, пристапот до нив е строго забранет и мора да остане во тајност до почетокот на испитот, испитните прашања за усниот дел и одбраната, се додека кандидатот не го одбере ливчето со прашања.

**VII. Кршење на процедурите**

Член 14

(**постапки при кршење на процедурите**)

За кандидатот, кој ќе ги прекрши процедурите, членот на испитната комисија треба да ги превземе следниве мерки:

- Опомена
- Забрана за полагање на практичниот и писмениот испит до крајот на тој дел од мајсторскиот испит, ако и по изречената опомена продолжува со прекршувањата или повторно ги прекршува процедурите или ако користи недозволени средства или помошни средства за време на испитот

Ако членот на комисијата на кандидатот му изрече мерка од втората алинеа првиот став на овој член, мора кандидатот да го напушти испитниот простор каде се одвива испитот за да неможе да го полага испитот. Кандидатот од тој дел на мајсторскиот испит ќе се оцени негативно

Секоја повреда на процедурите и изречените мерки на прекршителот мора да се запишат во записникот за текот на испитот за да му се издаде писмена забрана за понатамошно полагање на делови од мајсторскиот испит и да се информира претседателот на соодветниот испитен одбор, доколку не е присутен на испитот

Претседател на Управен одбор

На Занаетчиска комора Скопје

Горан Ристовски